Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел дневните настани 19.01.2023

На 18.01.2023 полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија и Одел за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога - Единица за недозволена трговија со дрога во координирана акција извршија претрес на две локации во дом кај З.Н.(20) од скопско Мралино. При претресот се пронајдени седум пакувања марихуана и едно пакување со семки од растението канабис. З.Н. е лишен од слобода и задржан во полициска станица, а по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (19.01.2023) во 00.45 часот во гостиварски Сенокос полициски службеници од СВР Тетово - ОВР Гостивар го лишиле од слобода И.Ц.(32) од истото село. При претрес извршен со судска наредба во дом и други помошни простории каде што живее И.Ц. и при преглед кај него му биле пронајдени и одземени три ѓеси со поединечни пакувања марихуана и дигитална вага. Лицето е задржано во полициска станица за понатамошна постапка по што ќе следи и соодветен поднесок.

На 18.01.2023 полициски службеници од СВР Штип-ОВР Свети Николе во соработка со Одделението за криминалистичка полиција - Сектор за општ и насилен криминал – Скопје во содејство со полициски службеници од ЕВР Гази Баба ги лишија од слобода К.С.(20) и Д.Г.(22), двајцата од скопско Инџиково, поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело „разбојништво" на подрачјето на село Сопот, Општина Свети Николе, предвидено по чл.237 став 4 од Кривичниот законик. Имено, на подрачјето на Скопје, врз основа на наредба од ОЈО Скопје и во координација со надлежен Јавен обвинител од ОЈО Штип, извршен е претрес на дом и други простории кај двете лица, при што се пронајдени и одземени предмети користени при извршеното кривично дело. Двете лица се приведени во полициска станица, со нив е извршен службен разговор, а по целосно документирање на случајот ОВР Свети Николе - СВР Штип до надлежното Јавно обвинителство ќе поднесе соодветни поднесоци.

На 18.01.2023 во 14.50 часот полициски службеници од ОВР Гостивар во супермаркет на ул. „Илинденска" во Гостивар ја лишиле од слобода С.Ш.(36) од Гостивар. Таа била затекната при вршење на кривично дело „тешка кражба". С.Ш. е лишена од слобода, задржана во полициска станица за понатамошна постапка, а по документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 23.40 часот на подрачјето на Центар, од полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции бил лишен од слобода М.Б.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 23.25 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода К.Е.(25) од Скопје, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (18.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 107 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, шест мерки за управување под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, девет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), две мерки за недавање на првенство на минување на пешаци...

На 18.01.2023 во 13.20 часот било пријавено дека на регионалниот пат Охрид-Струга-Радожда, патничко возило „фиат" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.Б.(36) од с.Заграчани, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Б.М.(30) од с.Бишево, а со телесни повреди се здобило возачот и малолетен сопатник, констатирани во Специјалната болница „Свети Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 18.01.2023 во 22.00 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од бул. „Борис Трајковски" и ул.„Македонија", на место викано „Рампа", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес", управувано од Д.Д.(41) од Скопје и патничко возило „хјундаи", управувано од З.М.(48) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил З.М., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", а со телесни повреди се здобил Д.Д., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.01.2023 во 14.40 часот во Полициската станица Центар К.Д.(31) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2023 во 10.20 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосница од ул. „Мајаци" и ул.„Финска", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „туран", управувано од А.Ф.(57) од с.Сингелик и патничко возило „дачиа докер", управувано од Б.С.(25) од с.Миладиновци, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Б.С., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.01.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Гази Баба, З.И.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Хаџијанев" бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Љ.Ф.(58) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров" била касната од куче скитник.

На 18.01.2023 во 17.10 часот на подрачјето на Кисела Вода од полициски службеници од Единицата за насилен криминал - Одделение за крвни деликти бил лишен од слобода К.Д.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". Тој на 15.01.2023 во 02.26 часот, на ул.„Козле", поради недоразбирање во сообраќајот, со остар предмет му нанел повреди на М.М.(54) од Скопје. К.Д. е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 22.50 часот на подрачјето на Шуто Оризари полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.А.(45), Г.А.(23) и малолетник, сите од Скопје, а денеска (19.01.) во 01.00 часот на подрачјето на Чаир полициски службеници од ЕВР Чаир го лишиле од слобода Ф.С.(38) од с.Студеничани, скопско. Четирите лица се сомнијат дека вчера (18.01.2023) во 21.20 часот на подрачјето на Шуто Оризари физички го нападнале А.Л.(24) од Скопје и му одзеле пари и личен накит. Тие биле приведени во полициска станица, каде бил извршен службен разговор со нив и по целосно документирање на случајот ќе им биде поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „разбојништво" по чл.237 од Кривичниот законик.

На 18.01.2023 година во струшкото село Велешта лишени од слобода се А.М.(32) и Д.Р.(21), двајцата од струшкото село Долна Белица. Тие биле затекнати во незаконит лов, кај месноста „Бегова шума", атар на селото Делогожда, а при преглед во патничкото возило „голф", со кое се превезувале, полициските службеници пронашле и одземле пушка за која немале соодветни документи и уловен дивеч. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против К.Г.(42) од с.Штука, струмичко, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 24.10.2022 на место викано „Огражден-Лаките", атар на Берово, пријавениот извршил сеча на дрва на државна парцела, со што предизвикал материјална штета.

На 18.01.2023 во 15.05 часот од полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка бил лишен од слобода И.П.(43) од кривопаланечко, поради тоа што околу 10.30 часот физички ја нападнал неговата 48-годишна сестра, при што употребил тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 14.15 часот во Кочани од полициски службеници од Полициската станица Кочани бил лишен од слобода Ќ.А.(46) од Кочани, поради тоа што околу 12.30 часот во домот на неговата снаа С.А.(41) од Кочани, најпрво вербално, а потоа и физички ги нападнал неа и нејзиниот малолетен син. По одлуствување на Јавен обвинител извршен е увид и по документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 01.40 часот било пријавено дека во ресторан на бензинска пумпа на автопат Куманово-Табановце дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ж.Н.(66) и Т.С.(51), двајцата од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.01.2023 во 17.00 часот во Полициска станица Центар, С.С.(33) од с.Волково, скопско, пријавил дека на ул.„Капиштец" бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.М.(42) и М.А.(33), двајцата од Струмица, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 29.12.2022 во Струмица, на улица „Бетовенова", извршен е претрес во домот на З.М., каде се пронајдени и одземени поголем број на пиротехнички средства, кои претходно биле набавени од М.А..

На 18.01.2023 во 17.49 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" со тешка телесна повреда бил донесен Г.М.(55) од с.Идризово, скопско. Според пријавеното, тој со повредата се здобил околу 16.15 часот, додека извршувал работни задачи на неговото работно место на објект во изградба на подрачјето на Аеродром. Полициски службеници излегле на местото на настанот и известен е трудов инспектор.

На 18.01.2023 во 15.15 часот Н.Н.(20) од Велес пријавил дека на 17.01.2023 околу 17.50 часот во с.Чолошево, каде работел како обезбедување на плац за изградба, бил физички нападнат од три лица, од кои едното со остар предмет му нанело исеченица на раката. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.01.2023 во 07.50 часот Р.Ј.(23) од Струмица пријавил дека на 16.01.2023 околу 22.00 часот во Струмица, по претходна расправија, бил физички нападнат од Ј.М.. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Л.Б.(34) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.11.2022 во Свети Николе, од полициски службеници извршен е претрес во куќа сопственост на пријавениот, каде била пронајдена и одземена марихуана.

На 18.01.2023 во 15.20 часот во Полициска станица Центар било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.М.(68) и 17-годишник, двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 00.10 часот, Н.Ц.(47) од Струмица пријавила дека на 18.01.2023 околу 23.00 часот во с.Сарај, струмичко, била физички нападната од страна на повеќе лица. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Л.(61) од с.Форино и Е.К. (24) од с.Калиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.01.2023 во 20.30 часот во Гостивар, во напуштена просторија од зграда, полициски службеници ги затекнале пријавените и кај нив биле пронајдени и одземени хероин и кокаин наменети за продажба, како и 100 евра и 7.300 денари.

Денеска (19.03.2023) во 02.54 часот М.Б.(50) од Скопје пријавил дека пред неговата куќа на подрачјето на Карпош две лица предизвикале пожар на неговото патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат од сопственикот, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Н.Г.(23) од с.Босилово, струмичко, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна лиценца". Пријавениот на 11.01.2023 околу 14.15 часот на граничен премин „Табановце", без регистрирана дејност, во својство на физичко лице, со патничко возило „пежо" бил затекнат како врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај, без притоа да поседува лиценца за јавен превоз издадена од Министерство за транспорт и врски.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет